Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

МФРСМ.Ф.8.5/9-1



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**април, 2023 година**

## СОДРЖИНА

Р Е З И М Е ........ 2
**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** ........ 3
Индустриско производство ........ 3
Број на работници во индустријата ........ 4
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 5
Инфлација ........ 6
Берзански цени ........ 7
**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** ........ 9
Извоз ........ 9
Увоз ........ 10
Салдо на трговска размена ........ 11
Валутна структура ........ 12
**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** ........ 13
Буџетски приходи според економската класификација ........ 13
Буџетски расходи според економската класификација ........ 14
Расходи по буџетски корисници ........ 15
Буџетско салдо ........ 16
**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** ........ 17
Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ........ 17
Плати ........ 18
Пензии ........ 18
**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** ........ 19
Примарни пари ........ 19
Депозитен потенцијал ........ 19
Кредити на банките ........ 21
Каматни стапки на депозитни банки ........ 21
Пазар на капитал ........ 22
Девизни резерви ........ 22



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

април, 2023 година

- Индустриското производство во април 2023 година забележа пад од 1,7% во споредба со истиот месец претходната година;

- Потрошувачките цени во април регистрираа годишен раст од 13,0% (14,7% во март 2023 година) што преставува забавување на годишниот раст во споредба со минатиот месец, а на месечно ниво стапката на инфлација се зголеми за 0,7%;

- Во периодот јануари - април 2023 година извозот забележа раст од 6,3%, а увозот пад од 7,9%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 36,5%, споредено со истиот период од 2022 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - април 2023 година изнесуваа 87.252 милиона денари, односно 9,8% од БДП, што претставува повисоко остварување за 10,7% во однос на истиот период од 2022 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – април 2023 година изнесуваа 99.742 милиона денари, односно 11,2% од БДП, што е за 19,4% повеќе во однос на истиот период претходната година;

- Вкупните кредити на банките во април 2023 година се зголемија за 6,3% во споредба со април 2022 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 8,6%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во април 2023 година забележа пад од 1,7% во споредба со истиот месец претходната година. Падот во април 2023 година се должи на намаленото производство во секторите Рударство и вадење камен (за 11,4%) и Преработувачка индустрија (за 4,3%) и, а зголемување на производството бележи секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 47,2%.




Раст на производството во април 2023 година бележат 8 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 28,9% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во април 2023 година е забележан во гранката производството на машини и уреди, раст за 15,7% со придонес од 1,2 п.п., производството на моторни возила, приколки и полуприколки не бележи промена во однос на истиот месец од претходната година, а гранката производство на електрична опрема бележи намалување од 16,5% со придонес од -1,0 п.п..




Од традиционалните гранки во април 2023 година, зголемување на производството се забележува во гранката Производството на пијалаци со раст од 21,9% и придонес од 0,8 п.п., додека намалување на производството се забележува во гранките: производството на тутунски производи за 10,0% со придонес од -0,1 п.п., прехранбена индустрија за 9,6% со придонес од -1,0 п.п., производство на текстил за 1,9% со придонес од -0,1 п.п., производство на облека за 4,4% со придонес од -0,3 п.п. и производство на кожа за 16,7% со придонес од -0,1 п.п..

Намалувањето на индустриското производство според намената на произведените единици во април 2023 година е резултат на намаленото производство во гранките: Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 14,1%, придонес од -4,9 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 0,2% и придонес од -0,1 п.п.), додека зголемување на производството бележат гранките Енергија (раст од 29,6% со придонес од 2,5 п.п.), Капитални производи (раст од 1,5% со придонес од 0,3 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка (раст од 11,3% со придонес од 0,5 п.п.).

На кумулативна основа, во периодот јануари-април 2023 година индустријата забележа пад од 0,3%, што се должи на намаленото производство во секторите Рударство и вадење камен од 5,9% (придонес од -0,6 п.п.) и Преработувачка индустрија од 2,1% (придонес од -1,8 п.п.), додека зголемување на производство бележи секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и

климатизација од 29,3% (придонес од 2,1 п.п.).

Графикон 1.3а: Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, април 2023 година)*




Графикон 1.3б: Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, април 2023 година)*




Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари-април 2023 година е регистриран во гранките: Енергија (20,6%), Капитални производи (5,4%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (5,9%), додека пад е забележан во гранките: Интермедијарни производи, освен енергија (14,8%) и Трајни производи за широка потрошувачка (0,3%).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во април 2023 година е зголемен за 0,6% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 1,1%, додека намалување на бројот на работници бележат секторите Рударство и вадење камен од 2,6% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 4,0%. Сепак, постојат гранки со висок раст на вработеноста, како што се: производство на моторни возила, приколки и полуприколки со раст од 13,8%, како и производство на текстил со раст од 2,8% и производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати со раст од 1,9%.

Графикон 1.4: Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во април 2023 година во однос на истиот месец од претходната година покажуваат дека раст на бројот на работници бележи само групата Капитални производи и тоа за 10,9%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари-април 2023 година се зголемил за 1,0%, што се должи на зголемениот број на секторот Преработувачка индустрија од 1,5%, додека намалување на бројот на работниците бележат секторите Рударство и вадење на камен од 2,7‘% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3,8%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари-април 2023 година е зголемен во групата Капитални производи за 12,6%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во април 2023 година издадени се вкупно 330 одобренија за градење, што претставува пад од 2,1% во однос на истиот месец од 2022 година. Споредено со март 2023 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 20,5%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во април 2023 година е повисока за 25,0% на годишна основа, а во однос на претходниот месец истата бележи раст од 22,4%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 145 (или 43,9%) се наменети за објекти од високоградба, 119 (или 36,1%) за објекти од нискоградба и 66 (или 20,0%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 330 издадени одобренија за градба, на 161 објект (или 48,8%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 169 објекти (или 51,2%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во април 2023 година предвидена е изградба на 393 станови со вкупна корисна површина од 37.887 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 17,8% на месечно ниво, а на годишно ниво за 47,7%.

Графикон 1.5: Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.6: Структура на издадените одобренија за градење по региони *( април 2023)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.7:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*



## Инфлација

Во април потрошувачките цени регистрираа годишен раст од 13,0% (14,7% во март 2023 година) што преставува забавување на годишниот раст во споредба со минатиот месец. Инфлацијата главно се должи на нивото на цените на храната, енергенсите, но и на растот на базичната инфлација која овој месец регистрира забрзување во споредба со претходниот месец. Цената на струјата во 2022 година се зголемија како резултат на одлука на РКЕ за зголемување во два наврата.

Во април базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) регистрира забрзување и истата изнесува 10,2% на годишна основа, при што најголем позитивен придонес имаат зголемените цени во категориите Ресторани и хотели и Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата.

Графикон 1.8: Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество (6,7 п.п. придонес во растот во април) при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 16,5% (21,7% претходниот месец) на годишно ниво. Растот на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на повеќе продукти, при што најголем позитивен придонес имаа следните поткатегории: месо (годишен раст од 26,0%, придонес 2,4 п.п.), леб и житни производи (годишен раст од 25,3%, придонес 2,1 п.п.) и млеко, сирење и јајца (годишен раст од 22,2%, придонес 1,7 п.п.). Во април цената на маслото за прв пат регистрираа намалување и истата се намали за 13,1%.

Гледано по компоненти, по категоријата Храна и безалкохолни пијалаци највисок годишен раст на цените во април 2023 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели од 19,4%. Раст на цените е регистриран во сите категории, и тоа: Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата за 16,2%, Домување, вода, електрика, гас и други горива за 15,1%, Разновидни стоки и услуги за 14,0%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици за 8,7%, Рекреација и култура за 7,6%, Транспорт за 5,3%, Облека и обувки за 4,8%, Здравствена заштита за 3,8%, Образование за 3,7% и Комуникации за 0,8%.

Во април потрошувачките цени се зголемија за 0,7% на месечно ниво (минатиот месец цените се намалија за 0,1%). Овој месец категоријата Храна и безалкохолни пијалаци регистрираше пад од 0,2%, пришто најголем придонес во намалувањето (од по 0,1 п.п.) на месечно ниво имаат намалените цени на маслото за 6,5%, овошјето за 2,5%, и на млекото, сирењето и јајцата за 1,7%.

Во април раст на цените регистрираа следниве категории: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици за 5,4%, Транспорт за 4,2%, Облека и обувки и Рекреација и култура за по 2,3%, Ресторани и хотели за 0,8% и Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата и Здравствена заштита за по 0,2%.

Пад на цените на месечно ниво, освен на храната е регистриран во категориите Разновидни стоки и услуги од 0,6% и Комуникации од 0,1%. Цените во категориите Домување, вода, електрична енергија, гас и Образование останаа непроменети.

Во април 2023 година цените на мало се зголемија за 10,1% на годишно ниво. На месечна основа, цените на мало регистрираа раст од 1,4%. Во првите четири месеци од 2023 година цените на мало се зголемија за 11,6%.




Во еврозоната стапката на инфлација во април 2023 година регистрира забрзување за 0,1 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 7,0% (6,9% во март). Гледано по компоненти цените на храната, алкохолот и тутунот се зголемија за 13,6% (15,5% во март), на цените на не-енергетските индустриски добра за 6,2% (6,6% во март), услугите за 5,2% (5,1% во март), и енергијата за 2,5%(-0,9% во март). Согласно забавувањето на стапката на инфлација, очекувањата за движењето на цените на храната на светските берзи, како и намалените цени на енергијата ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација во надолна насока, и согласно проекциите од март стапката на инфлација во 2023 година би достигнала 5,3% и 2,9% во 2024 и 2,1% во 2025.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во април 2023 година регистрира раст од 7,1% на месечно ниво и изнесува 84,1 долар за барел (веќе неколку месеци по ред цената на нафтата е под 100 долари за барел) и истата во 2023 година се до месец април континуирано регистрираше пад на месечно ниво. Цената на суровата нафта забележа драматичен раст од февруари 2022 година како резултат на војната помеѓу Русија и Украина односно стравувањата од прекин во снабдувањето поради воведените санкции од страна на западните земји кон Русија и можните контрасанкции од страна на Русија, меѓутоа од јули 2022 година цените забележаа пад како резултат на зголемените стравувања од глобална рецесија, воведените карантини во Кина и постојаниот раст на каматните стапки, што може да предизвика намалување на побарувачката. На годишно ниво, цената на нафтата е пониска за 20,5%.




Во 2022 година, цената на природниот гас континуирано регистрираше високи стапки на раст (раст од 115,5% во споредба со 2021 година) како резултат на зголемената побарувачка особено по нападот на Русија врз Украина. Во август 2022 година, цената на гасот регистрира рекорден раст, меѓутоа од септември таа забележа пад како резултат на поволните временски услови и обезбедените залихи гас. Како резултат на тоа трендот продолжи и во 2023 година. Во април


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

2023 година, цената на природниот гас регистрира пад од 4,1% на месечно ниво. На годишно ниво, цената на природниот гас во април 2023 година се намали за 58,8%.

Графикон 1.11: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Цените на енергентите на светските и регионалните берзи во 2021 и 2022 година значително се зголемија во однос на 2020 година. Кон крајот на 2022 и почетокот на 2023 година се забележува одредено стабилизирање, па така во април 2023 година цената на електричната енергија според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 106,7 евра за мегават/час и на месечно ниво е намалена за 5,9%. На годишно ниво, во април цената на електричната енергија регистрира пад од 43,6%.

Графикон 1.12: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во април 2023 година на месечно ниво цените на цинкот и бакарот се намалија за 6,7% и 0,5%, соодветно. Цените на другите основни метали регистрираа зголемување и тоа: калај за 7,5%, никел за 2,6%, алуминиум за 2,0% и олово за 1,6%. Цената на железната руда регистрира пад од 8,6%.

Цената на пченката на светските берзи во април 2023 година се зголеми за 3,1% на месечна основа, додека цената на пченицата регистрира пад од 2,6%. Цената на сончогледовото масло регистрира пад од 3,7% во споредба со претходниот месец.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите четири месеци од 2023 година изнесува 6.402,7 милиони евра и бележи пад од 2,2% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари - април 2023 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е зголемено за 2,9 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 62,2%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите четири месеци од 2023 година изнесува 25,4% и е зголемено за 3,0 п.п. во однос на истиот период од 2022 година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - април 2023 година изнесува 2.787,0 милиони евра и бележи раст од 6,3% (165,1 милион евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 4,6%.

Вредноста на извезените стоки во април 2023 година изнесува 661,3 милиони евра и бележи пад од 3,1% (21,4 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 11,0% споредено со април од 2022 година.




Анализирано на месечно ниво, во април 2023 година извозот бележи пад од 15,8% (124,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, ток регистрира месечен пад од 9,5%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (6,4 п.п.) врз извозот овој месец.

[1]Започнувајќи од април2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - април 2023 година се: хемиски материи и производи, електрични машини и делови, железо и челик, друмски возила, облека, мебел и негови делови и електрична енергија. Овие седум групи производи сочинуваат 71,7% од вкупниот извоз на државата.




Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - април 2023 година споредено со истиот период од 2022 година, извозот бележи раст во групациите: ЕУ 27, ЕФТА и Западен Балкан, додека пад има кај групациите: Организација на земјите извозннички на нафта и нафтени деривати, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 8,5% на годишно ниво, а во земјите од Западен Балкан тој бележи раст од 7,4%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 79,8% и 11,3%, соодветно.




## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - април 2023 година изнесува 3.615,6 милиони евра и бележи пад од 7,9% (310,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 10,1%.

---

[2] Стандардна Меѓународна Трговска Класификација

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

Вредноста на увозот во април 2023 година изнесува 856,0 милиони евра, што претставува пад од 21,3% (231,3 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а увезените количини стоки се намалени за 26,8% споредено со април 2022 година.

Анализирано на месечно ниво, во април 2023 година увозот бележи пад од 14,0% (139,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 13,1%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (0,9 п.п.) врз увозот во овој месец.




Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2022 | I-IV-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 48,5 | 40,0 | -8,5 | -17,6 |
| Мил.ЕУР | 44,0 | 33,9 | -10,1 | -22,9 |
| Мил$ | 48,7 | 36,5 | -12,2 | -25,0 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2022 | I-IV-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 404,6 | 389,2 | -15,4 | -3,8 |
| Мил.ЕУР | 318,4 | 290,6 | -27,8 | -8,7 |
| Мил$ | 353,1 | 313,1 | -40,0 | -11,3 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2022 | I-IV-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 21,9 | 24,7 | 2,8 | 13,0 |
| Мил.ЕУР | 749,3 | 822,0 | 72,8 | 9,7 |
| Мил$ | 834,3 | 886,4 | 52,1 | 6,2 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2022 | I-IV-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 9,8 | 8,2 | -1,5 | -15,7 |
| Мил.ЕУР | 62,7 | 59,1 | -3,6 | -5,7 |
| Мил$ | 69,7 | 63,7 | -6,0 | -8,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2022 | I-IV-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 276,3 | 239,6 | -36,8 | -13,3 |
| Мил.ЕУР | 349,2 | 204,5 | -144,7 | -41,4 |
| Мил$ | 387,7 | 220,5 | -167,3 | -43,1 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2022 | I-IV-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 309,9 | 218,8 | -91,1 | -29,4 |
| Мил.ЕУР | 261,1 | 166,3 | -94,7 | -36,3 |
| Мил$ | 290,2 | 179,5 | -110,7 | -38,1 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - април 2023 година, трговскиот дефицит се намали за 36,5% односно 475,8 милиони евра споредено со истиот период минатата година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Во април 2023 година, трговскиот дефицит се намали за 51,9% односно 209,9 милиони евра споредено со април 2022 година.




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка, како и на зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со храна и пијалаци.

Во периодот јануари - април 2023 година, 89,4% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Грција, Турција, Русија, Србија, Полска, Италија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Унгарија, Шпанија и Чешка.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 93,0% од трговската размена во периодот јануари - април 2023 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2022 година претставува зголемување за 2,5 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 95,3% и 91,1%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 3,6 п.п., а увозот е за 1,5 п.п. во однос на периодот јануари – април 2022 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-IV -2022 | | | | | I-IV -2023 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | | |
| ЕУР | 1.848,3 | 3.523.292.265 | 61,6252 | 217.123.590.508 | 89,7 | 2.052,0 | 3.295.435.743 | 61,6574 | 203.187.999.792 | 91,1 | -227.856.522 | -6,5 |
| УСД | 627,2 | 419.476.234 | 51,2797 | 21.510.615.458 | 8,9 | 173,3 | 316.429.759 | 57,2133 | 18.103.990.711 | 8,1 | -103.046.476 | -24,6 |
| ГБП | 0,5 | 6.223.936 | 71,1297 | 442.706.707 | 0,2 | 0,6 | 7.229.561 | 69,8762 | 505.174.276 | 0,2 | 1.005.625 | 16,2 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2.476,0 | | | 239.076.912.673 | 98,5 | 2.225,9 | | | 221.797.164.779 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 2.480,8 | | | 242.168.614.174 | 100,0 | 2.231,0 | | | 222.963.225.802 | 100,0 | | -7,9 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација




Во периодот јануари – април 2023 година, вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 87.252 милиона денари, односно 9,8% од БДП, што претставува повисоко остварување за 10,7% во однос на истиот период од 2022 година. Во споредба со април претходната година, буџетските приходи бележат намалување од 2,5%, додека во март 2023 година се забележува годишен раст на приходите од 30,2%, а во февруари 2023 година пад од 0,5%.

Даночните приходи се реализирани во износ од 47.687 милиони денари и се повисоки за 0,4% во однос на периодот јануари – април 2022 година, како резултат на растот на приходите од персоналниот данок на доход, данокот на добивка, акцизите и увозните давачки.

Приходите од ДДВ имаат доминантно учество од 43,8% во вкупните даночни приходи со остварен износ од 20.894 милиони денари и бележат намалување од 6,7% во однос на периодот јануари – април претходната година. Притоа, ДДВ годинава е наплатен во бруто-износ од 35.178 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 14.284 милиони денари (бруто-наплатата е пониска за 2,3%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 5,0% споредено со 2022 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува пониско остварување за 13,7%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 28,4%.

Акцизите се остварени во износ од 8.061 милион денари (учество од 16,9% во даночните приходи), што претставува зголемување за 1,7% во споредба со периодот јануари – април 2022 година. Така, само од овие два индиректни данока остварени се вкупно 28.955 милиони денари, што претставува 60,7% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – април 2023 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 8.056 милиони денари и бележат раст од 13,0% на годишна основа, а притоа 64,7% од приходите се од плата и други лични примања, 7,2% од приходи од капитал, 8,5% од приходи по основ на договор на дело, 7,2% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 12,4% од други видови данок на доход.

Во периодот јануари – април 2023 година, приходите од данокот на добивка изнесуваа 7.048 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 7,4% во однос на истиот период претходната година како резултат на позитивните остварувања кај месечните аконтации коишто се зголемени за 36,3%, а даночните биланси се намалени за 13,2%.

Приходите од царина се остварени во износ од 3.399 милиони денари и забележаа зголемување од 4,5%. Приходите од други даноци со остварен износ од 229 милиони денари и забележаа зголемено остварување за 10,1% во однос на истиот период минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 28.266 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 18,1% споредено со претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 18,2%, кај придонесите за вработување за 18,5% и кај придонесите за здравствено осигурување за 18,0%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 5.103 милиони денари и во однос на перидот јануари – април 2022 година забележаа пониско остварување за 2,2% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствария во износ од 282 милиони денари, што преставува намалување за 29,9% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствария во износ од 5.490 милиони денари и се повисоки за 5 пати во однос на истиот период од 2022 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Во периодот јануари – април 2023 година, вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 99.742 милиона денари, односно 11,2% од БДП, што е за 19,4% повеќе во однос на истиот период претходната година.

Графикон 3.2: Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 86.428 милиони денари учествуваа со 86,7% и се зголемени за 11,8% во однос на периодот јануари – април 2022 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 11.115 милиони денари, што претставува зголемување за 6,8% во однос на истиот период претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 11,1%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 5.953 милиони денари и споредено со периодот јануари – април 2022 година забележаа зголемување од 2,7%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 65.396 милиони денари. Средствата за трансфери бележат раст од 12,3% во однос на периодот јануари – април 2022 година, а учествуваа со 65,6% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 13,8% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 46.859 милиони денари, со што нивното учество во вкупните расходи изнесува 47,0%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 28.904 милиони денари, што претставува зголемување за 14,5% споредено со периодот јануари – април 2022 година и учествуваат со 29,0% во вкупните расходи. Во категоријата други трансфери регистрирано е зголемување од 9,2%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 9.171 милион денари и се зголемени за 0,7%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 7.576 милиони денари бележат зголемување од 17,6% во споредба со истиот период од претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 13.314 милиони денари со структурно учество од 13,3% во вкупните расходи, така што забележаа значително повисока реализација од 114,1% во споредба со периодот јануари – април 2022 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува околу 80% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Графикон 3.3: Структура на расходите по буџетски корисници и раздели
*(април 2023 година)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари – април 2023 година, Министерството за труд и социјална политика реализира 20.174 милиони денари или 37,8% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (68,1%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 13.749 милиони денари или 39,4% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 23,3% во вкупните расходи и за оваа намена се реализирани 37,1% (4.710 милиони денари) од планираните за 2023 година.

Во периодот јануари – април 2023 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 14.480 милиони денари, што претставува 19,5% од предвидените за 2023 година. Отплата на главнина (7.001 милион денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 48,3%, а притоа се реализирани 13,5% од планираните. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 27,4% од вкупните расходи, за што се реализирани 3.964 милиони денари или 30,7% од вкупниот буџет за оваа намена. За капитални расходи се издвоени 1.612 милиони денари (46,2% од планираното), односно 11,1% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 10.327 милиони денари, што е 32,4% од вкупниот буџет за 2023 година. Најголем дел од расходите (61,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 6.387 милиони денари или 33,1% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 16,6%, и за неа се потрошени 1.714 милиони денари, односно 32,7% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари-април 2023 година, Министерството за внатрешни работи реализира 3.835 милиони денари, што претставува 30,1% од сопствениот буџет за 2023 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 69,7%, за што се потрошени 2.671 милион денари или 31,1% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 23,0%, и за неа се реализирани 881 милиони денари или 36,1% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира средства во износ од 4.760 милиони денари што претставува 54,1% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 96,4% во вкупните расходи, реализирани се 62,6% од планираните средства за цела година, односно 4.591 милиони денари.

Министерството за одбрана, во периодот јануари – април 2023 година, реализира буџетски средства во износ од 4.511 милиони денари, што е 26,5% од вкупниот буџет за оваа година. Плати

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

и надоместоци има најголемо учество во расходите, 37,9%, за што во овој период се реализирани 1.709 милиони денари (34,2% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капиталните расходи учествуваат со 24,4% во вкупните расходи и за оваа намена, во анализираниот период, се потрошени 1.098 милиони денари, односно 16,8% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во периодот јануари – април 2023 година реализира вкупно 1.497 милиони денари, односно 8,4% од планираните средства за 2023 година. Притоа, капиталните расходи учествуваат со високи 67,9% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 1.016 милиони денари (19,6% од предвидените средства).

Во периодот јануари – април 2023 година, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 1.044 милиони денари, што е 15,1% од вкупниот буџет за 2023 година. Стоки и услуги има најголемо учество во расходите, 54,2%, за што во овој период се потрошени 566 милиони денари или 17,8% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна ставка е тековни трансфери до вонбуџетските фондови со реализација од 305 милиони денари (10,2% од планираното за годината) и учество од 29,2% во вкупните расходи.

Во овој период, Министерството за транспорт и врски реализира средства во износ од 7.949 милиони денари, што е 39,8% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 96,5% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (7.672 милиони денари или 40,6% од вкупно планираните средства).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – април 2023 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 12.490 милиони денари, што претставува 1,4% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 13.184 милиони денари и претставува 1,5% од БДП. Буџетскиот дефицит во 2023 година изнесува 29,2% од вкупно планираниот буџетски дефицит.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во првите четири месеци од 2023 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 64.505 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2022 година, вкупниот број новавработени лица е зголемен за 0,2%, со што продолжи трендот на годишен раст на бројот на новозасновани работни односи, кој започна во април 2021 година и трае последните две години, односно до април 2023 година, со исклучок на август 2022 година и февруари 2023 година. Трендот на раст меѓу другото, беше резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување забави поради негативните ефекти од пандемијата.



Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број новоработени, 41,1% се вработени на неопределено време, а другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во април 2023 година, 14,6% се од евиденцијата на невработени.



Извор: АВРСМ

Вкупниот број невработени лица во април 2023 година изнесува 154.145, од кои 107.588 се активни баратели на работа, а 46.557 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 9,8%. Во однос на претходниот месец, бројот на невработени е намален за 1.048, со што продолжува трендот на пад на бројот на невработени лица кој беше прекинат во октомври 2022 година. Трендот на месечно намалување на бројот на невработени започна во март 2021 година, откако во цела 2020 година па сè до февруари 2021 година бројот на невработени генерално беше во пораст.

Најголем дел од активните невработени лица (59,6%) се градско население, а според половата структура 49,1% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,3%, се со непотполно средно образование или помалку, 24,0% се со завршено средно образование, додека 7,7% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,7% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 61,2% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 12,3% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во март 2023 година оствари годишен раст од 12,4%, а во однос на февруари 2023 година истата е таа е повисока за 3,6%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на март 2022 година се забележува во следните сектори: Градежништво (19,8%), Образование (15,0%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (14,9%). Во март 2023 година реалните плати забележаа годишен пад од 2,0%.




Просечната номинална бруто-плата во март 2023 година споредено со истиот месец од 2022 година порасна за 12,7%, а на месечна основа таа е повисока за 3,6%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во март 2023 година во однос на март 2022 година се забележува во следните сектори: Градежништво (20,4%), Образование (15,5%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (15,3%). Во март реалната бруто-плата забележа годишен пад од 1,7%.




## Пензии

Во април 2023 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 332.976 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 69,3% се корисници на старосна пензија, 22,4% се корисници на семејна пензија и 8,3% се корисници на инвалидска пензија.




Просечната пензија во април 2023 година изнесува 19.033 денари и таа е за 16,6% повисока во однос на истиот месец од 2022 година[5]. Растот на пензиите се должи меѓу другото и на усогласувањето на пензиите во март, според новата методологија која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

со официјалните податоци на ДЗС. Согласно оваа методологија, усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември, почнувајќи од март 2022 година.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во март 2023 година (последни расположливи податоци) изнесува 54,7%.

Просечната старосна пензија во април 2023 година изнесува 20.562 денари, просечната инвалидска пензија 16,986 денари, а просечната семејна пензија 15.072 денари. За исплата на пензиите во април 2023 година се потрошени 6.230 милиони денари, што претставува 47,1% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во  април 2023 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на 5,50%. Во текот на 2022 година, Народната банка ја зголеми основната каматна стапка во неколку наврати (од 1,25% во март) како одговор на зголемената инфлација. Трендот на зголемување на каматните стапки продолжи и во 2023 година.

Затегнувањето на монетарната политика е резултат на претходно преземените мерки за стабилизирање на монетарната политика, како резултат на растечката инфлација и инфлациските очекувања со цел да се одржи стабилноста на девизниот курс и среднорочната ценовна стабилност.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити ( април 2023 година)



Извор: НБРСМ.

Во април, расположливите депозити преку ноќ и на седум дена останаа непроменети и изнесуваат 3,40% и 3,45%, соодветно.

## Примарни пари

Во април 2023 година, примарните пари[6] се намалија за 1,1% на годишно ниво. Намалувањето на примарните пари се должи на падот на вкупните ликвидни средства за 10,0%,  додека готовите пари во оптек се зголемија за 7,3%.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 3,8%, што е резултат на падот на вкупните ликвидни средства за 12,1%, а готовите пари во оптек се зголемија за 4,0%.

## Депозитен потенцијал[7]

Во април 2023 година вкупните депозити на банките се зголемија за 1,3% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на претпријатијата се зголемија за 1,5%, а депозитите на домаќинствата за 0,8%.

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Од аспект на валутата, во април 2023 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута и странска валута регистрираа зголемување од 1,8% и 0,8%, соодветно.

Во април 2023 година вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 8,6% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна и странска валута на годишно ниво се зголемија за 10,4% и 6,7%, соодветно.




Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата бележат раст од 12,0%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 8,3%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 3,9%, а долгорочните депозити за 10,6%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 55,2%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (април 2023 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | ***492.391*** | ***1,3%*** | ***8,6%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *271.799* | *1,8%* | *10,2%* |
| *Странска валута* | *220.592* | *0,8%* | *6,7%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *213.753* | *0,2%* | *3,9%* |
| *Долгорочни* | *102.178* | *2,2%* | *10,6%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | ***425.805*** | ***0,6%*** | ***6,3%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *243.309* | *0,6%* | *2.7%* |
| *Странска валута* | *182.496* | *0,6%* | *11,5%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *69.179* | *1.4%* | *3.1%* |
| *Долгорочни* | *341.765* | *0,4%* | *7,6%* |

Извор: НБРСМ



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Кредити на банките

Во април 2023 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,6% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека на месечно ниво кредитите кон претпријатијата и кредитите кон домаќинствата се зголемија за 0,9% и 0,4%, соодветно.

Од аспект на валутата, во април 2023 година, на месечно ниво денарските кредити и девизните кредити се зголемија за по 0,6%.

На годишна основа, во април 2023 година вкупните кредити се зголемија за 6,3%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 6,7% и раст на кредитите кон претпријатија од 5,9%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 2,7%, а кредитите во странска валута за 11,5%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,6%, а краткорочните кредити од 3,1%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во април 2023 година, вкупната каматна стапка на кредитите се зголеми за 0,04 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,08%. Каматната стапка на денарските кредити на месечно ниво се зголеми за 0,04 п.п. и изнесува 5,19%, а каматната стапка на девизните кредити се зголеми 0,04 п.п. и изнесува 4,95%.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Во април 2023 година вкупната каматна стапка на депозитите се зголеми за 0,06 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 1,17%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,06 п.п. на месечно ниво и изнесува 1,56%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,06 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 0,85%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во април 2023 година вкупниот промет на берзата регистрира раст од 96,7% на месечно ниво, како резултат на растот на прометот од блок трансакциите за 190,8% и растот на прометот од класичното тргување за 1,0%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во април 2023 година изнесува 977,3 милиони денари и истиот е зголемен за 1,3% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на април 2023 година изнесува 5.978,51 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 2,3%, а во однос на истиот месец претходната година е намален за 4,8%.

## Девизни резерви

Бруто-девизните резерви на крајот на април 2023 година изнесуваа 4.123,7 милиони евра и во однос на претходниот месец регистрираа намалување од 0,9%, а во однос на април 2022 година се зголемија за 27,3%.